СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ
Официјална лиценца од
Gulf Oil International Group

SUPERTRADE DOOEL
Official Licensee of the
Gulf Oil International Group

Quality Endurance Passion

До
Министерство за финансии на
Р.Северна Македонија

**Предмет**: Мислење по Законот за здолжителни нафтени резерви и Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за задолжителни нафтени резерви

Почитувани,

Во понатамошното излагање ќе ги изнесеме Нашите забелешки во врска со Законот за задолжителни нафтени резерви кој треба да започне да се применува од 01.01.2021 година и забелешки во врска со Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за задолжителни нафтени резерви.

I. Согласно 8 од Законот за изменување и дополнување на законот за задолжителни нафтени резерви се предвидува дополнување на став 4 од член 15 од Законот за задолжителни нафтени резерви.

Член 15 став 4 од Законот за задолжителни нафтени резерви гласи:

" Трговските друштва - складиштари имаат обврска задолжтелните резерви кои ги чуваат во форма на готови производи, задолжително во секое време по квалитет да одговараат на важечките прописи за квалитет на течните горива во Република Македонија, истите да не содржат недозволени примеси и/или нечистотии кои можат битно да влијаат врз квалитетот и на фактичките количини на нафтените резерви"

Со измените во ставот 4 по зборовите " Македонија" се додаваат зборовите : „во состојба која овозможува во секое време да бидат спремни за испорака".

Овој став е потребно да се брише или да претрпи соодветни измени.

***Образложение:*** Во врска со наведеното сакаме да посочиме дека, за одредени нафтени деривати согласно нивните својства потребно е да се преземат определени активности, како би се овозможила нивна испорака. Во конкретен случај, Мазутот е дериват кој пред испорака задолжително е потребно да се загрева и самиот процес подразбира трошок за складиштарот. Доколку стои обврска за складиштарот во секое време да овозможи нафтените деривати од задолжителните резерви да бидат спремни за испорака, тогаш потребно е да се направат дополнување во законот на начин што Агенцијата за задолжителни резерви ќе биде должна на складиштарот да му ги надомести трошоците за одржување на нафтените деривати постојано во состојба во која ќе биде возможно испорака во секое време, во спротивно овој став е неприфатлив и потребно е да се брише од предложените измени на Законот за задолжителни резерви.

II. Следно, предлагаме да се изврши дополнување на член 21 од Законот за задолжителни нафтени резерви, а кој член се однесуваат на наменско трошење на финансиските средства на начин што во став еден да се додаде нова алинеја која ќе гласи:

- подмирување на манипулативните трошоци на Складиштарите кои настануваат при прием и издавање на нафтени деривати од задолжителните резерви на Агенцијата за задолжителни резерви;

III. Предлагаме дополнување и на член 23 од Законот за задолжителни нафтени резерви кој се однесува на управниот одбор, на начин што во Управниот одбор ќе членуваат и претставници на складиштарите.

***Образложение***: Сметаме дека е клучно да се овозможи на Складиштарите да имаат свои претставници во Управниот одбор, од причина што истите се најмногу засегнат со регулативата која го опфаќа работењето со задолжителните нафтени резерви и истите имаат соодветни стручни познавање, како и познавање за начинот на функционирање на пазарот со нафта и нафтени деривати и може да придонесат во целокупниот процес на понатамошно разработување на сите проблематики од аспект на задолжителните нафтени деривати.

IV. Предлагаме дополнување и на член 26 од Законот за задолжителни нафтени резерви кој се однесува на работите од делокругот на Директорот, на начин што во став 1 да се додаде алинеја со која гласи:

- предлага на Управниот одбор план за постапка, начин и рокови за обновување на задолжителни нафтени резерви.

V. Согласно 19 од Законот за изменување и дополнување на законот за задолжителни нафтени резерви се предвидува измени на став 1 од член 32 од Законот за задолжителни нафтени резерви.

Член 32 став 1 од Законот за задолжителни нафтени резерви гласи:

" (1) Обврзници за уплата на надоместокот за задолжителните резерви се:
- имателите на акцизна дозвола и
- увозниците на нафтени деривати во Република Македонија кои не се иматели на акцизна дозвола.

Со измените член 32 став 1 алинеја еден се менува и гласи:

" производителите и/или увозниците на сурова нафта и/или нафтени деривати кои се иматели на акцизна дозвола"

<u>Овој став предлагаме да се дополни на начин што истиот во иднина ќе гласи:</u>

" производителите и/или увозниците на сурова нафта и/или нафтени деривати кои се иматели на акцизна дозвола, а кои нафтените деривати ги складираат во акцизен склад"

VI. Член 36

Со член 22 од Предлог законот за изменување на Законот за задолжителни резерви се менува членот 36 став 3 на начин што зборовите по "пазарни цени" се заменува со зборовите " по

малопродажни цени утврдени врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, важечка на денот на продажбата."

Измената од овој став да се брише.

Член 36 став 6 од Законот за задолжителни нафтени резерви гласи:

" (6) Во случај кога е донесена одлука согласно ставот (1) на овој член, а Агенцијата за задолжителни резерви не успее согласно ставовите (3) и (4) на овој член да пушти задолжителни резерви на пазарот, обврска за купување и продажба како и испорака на нафтените деривати до крајните потрошувачи имаат трговските друштва кои складираат задолжителни резерви и/или енергетските субјекти кои вршат дејност трговија на големо со сурова нафта, нафтени деривати, биогорива и горива за транспорт, сразмерно на висината на уплатата на надоместокот за задолжителни резерви во претходната календарска година."

Овој став да се брише.

***Образложение:*** Со оваа одредба не се разгледани од ниту еден аспект потребите на Складиштарите, напротив им се наложува обврска за купување на нафтениот дериват во момент кога за тоа ќе го одлучи Агенцијата, без разлика дали складиштарите имаат можност тоа да го направат во тој момент, а воедно на сопствен трошок треба да ги испорачаат до крајните потрошувачи. Меѓу другото, складиштарите немаат ниту право да ги купат нафтените деривати по некои поповолни услови, имајќи го предвид тоа што со измените на член 36 став 3 се предлага продавање на нафтените дериват по малопродажни цени утврдени врз основа на одлука за утврдување на највисоки малопродажни цени на нафтените деривати и горива за транспорт донесена од страна на Регулаторната комисија за енергетика, важечка на денот на продажбата. Меѓу другото, договорот за складиштарење на нафтени деривати нема никаква обврска дека складиштарите преземаат обврска во вакви ситуации да откупуваат нафтени деривати. Оттука се поставува прашањето каде е економската исплатливост на складиштарите за купување на нафтените деривати, напротив, со ваквите одредби се наметнуваат непредвидливи трошоци за складиштарите, па врз основа на наведеното овој став е крајно неприфатлив и задолжително е потребно да се брише.

VII. Во однос на предложените измени во Законот за задолжителни резерви кои се однесуваат на продажба на задолжителните резерви заради нивното обновување и начинот на кој е дефинирано да се одвива јавното наддавање, сакаме да посочиме дека согласно ваквото дефинирање на члeновите не може јасно да се утврди на кој начин би се одвивал целиот процес. Од таа причина предлагаме овој член да се избрише или да претрпи измени на начин што за предлози за уредување на таа проблематика ќе бидат консултирани и складиштарите како поединци кои се најмногу засегнати во целокупниот процес.

Во овој член е дефинирано дека почетна продажна цена е цената според Одлуката на регулаторна комисија, предвидените намалувања на цената до мах 10% немаат финансиска исплатливост ни за складиштарот кој треба да ги купи и понатаму дистрибуира и продаде нафтените деривати ,а најмалку за нашите купувачи – бензинските пумпи кои треба да набават со цени кои се приближни на продажните. Оваа целосна постапка ќе предизвика проблем во еден даден момент за овие корисници бидејќи нивната остварена разлика нема да биде доволна ни за покривање на фиксните трошоци за работење. Од овој аспект како складиштари и

директно инволвирани во работењето на пазарот се ставаме на располагање за да се најде соодветен модел кој ќе биде соодветен на нашите пазарни услови.

VIII. На крајот во врска со член 50 од Законот за задолжителни нафтени деривати кој гласи:

" Владата на Република Македонија ќе ги формира задолжителните резерви согласно членот 5 став (1) од овој закон, најдоцна до 31 декември 2022 година."

Сакаме да посочиме дека истиот рок е премногу краток, од причина што Република Северна Македонија во моментов е далеку од количините на задолжителни резерви кои треба да ги поседува, а како би се достигнале потребните резерви потребно е рокот за нивно формирање да биде подолг од сега предвидениот.

Се надеваме дека ќе ги разгледате Нашите предлози и истите ќе бидат прифатени.

Скопје, 20.11.2020 година

Супертрејд Дооел
Управител: Владимир Стајиќ

---------------------------------------

СУПЕРТРЕЈД ДООЕЛ увоз-извоз Скопје